**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

ОБ 7.5-3.3-02в01

Бр.18-7108/2
08.10.2014 година

Врз основа на член 20, став (1), алинеа 16, а во врска со член 59 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија" број 157/2010, 53/2011 и 1/2012) и член 10 став (4) од Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната(„Службен весник на Република Македонија" број 160/12), решавајќи во постапката за издавање мислење за пласирање на пазар, увоз или употреба во своето производство на супстанции, машини за преработка, технолошки процеси, процеси на рециклирање или материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната по барањето број 18-7023/1 од 03.10.2014 година на Мастор ГАНН ДООЕЛ Скопје, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство издаде:

## ОДОБРЕНИЕ

**Производот: рачен миксер за нескафе**

Од **производителот:** Мастор ГАНН ДООЕЛ Скопје, Бул. АВНОЈ, бр. 72 локал 1 Скопје-Аеродром **е во согласност** со општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната и може да се увезе и стави во промет на пазарот на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Мастор ГАНН ДООЕЛ Скопје**, Бул. АВНОЈ, бр. 72 локал 1 Скопје-Аеродром, достави барање број 18-7023/1 од 03.10.2014 година за издавање мислење за пласирање на пазар, увоз или употреба во своето производство на супстанции, машини за преработка, технолошки процеси, процеси на рециклирање или материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната Агенцијата за храна и ветеринарство постапувајќи по наведеното барање изврши увид во приложената документација и констатира дека **се исполнети барањата** пропишани во Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната(„Службен весник на Република Македонија" број 160/12).
Врз основа на напред наведеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова одобрение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 8 дена од денот на неговото доставување преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
Решено под број 18-7023/2 во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

**Директор,**
**Дејан Рунтевски**

Изработил: Сузана Поповска
Одобрил: Абдулезел Догани

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива на АХВ